**ЗАПИСНИК**
**од тринаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 17.08.2022 година**

На тринаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 10 часот присуствуваа 17 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, , Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори тринаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од дванаесеттата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од дванаесеттата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на тринаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

**1.Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија .**

Претседателот на Совет ги извести советниците дека се поднесени и две дополнителни точки и тоа од страна на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата е доставен предлог за нова точка за Дневен ред и тоа "Предлог – Одлука за исплата на финасиска помош на лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство " и по барање доставено од ЈЗУ Општа болница и советничката група на СДСМ и Коалицијата е доставен предлог за нова точка за Дневен ред и тоа "Предлог – Одлука за исплата на финасиски средства од буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година".

Претседателот на Совет побара кратка пауза за да се доставаат материјалите по овие две точки.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Билјана Демерџиева член на Совет** – Советничката ја образложи точката и појасни дека се работи за Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства во висина од 500 000 денари од основниот буџет на Општина Гевгелија за ЈЗУ Општа болница – Гевгелија за набавка на нов 3Д/4Д ехо апарат бидејќи заради тешката финансиска состојба која ја има болницата поради пандемијата болницата не е во можност да го набави а истиот е многу важен за работење на Гинеколошко - Акушерско одделение .

**Тодор Ристов член на Совет -** Даде процедурална забелешка во однос на приемните штамбили која ги ставила Општина Гевгелија ,барањето поднесено од СДСМ е поднесено на 11.08.2022 година со приемен штамбил од општината а на овие документи што ги добивме денеска се со дата заведена на 15.08.2022 година и смета дека треба да се прекине со таквата несериозност во делот на примање и архивирање на документите .Исто така советникот побара бидејќи точката од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ е поднесена на 17.08.2022 точките на Дневен ред да бидат поставени по редослед според датата на прием .

**Сашко Стојиловски член на Совет -** Советникот ја образложи точката и појасни дека се работи за Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства во висина од 300 000 денари од основниот буџет на лицето Емилија Николовска кои средствата ќе се искористат за лекување надвор од државата .

**Тодор Ристов член на Совет** даде процедурална забелешка и смета дека општинската администрација треба да направи насловни страни на одлуките каде јасно ќе биде наведено кој е предлагач на точките .

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог – Одлуката за исплата на финасиски средства од буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои** и се одлучи оваа точка да биде дел од Дневниот ред за денешната седница под реден број два.

Претседателот на Совет ја стави на гласање "Предлог – Одлука за исплата на финасиска помош на лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство и **Советот едногласно ја усвои** и се одлучи оваа точка да биде дел од Дневниот ред за денешната седница под реден број три.

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред со измените и **Советот со едногласно го усвои .**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Петар Апостолов член на Совет .**

**Петар Апостолов член на Совет** – Даде заклучок кој гласи "Секторот за јавни дејности и локален економски развој да биде носител на Програмата за културен настан Бела наоќ за наредните години"

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Предлог – Одлука за исплата на финасиски средства од буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог – Одлуката за исплата на финасиски средства од буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 3. Предлог – Одлука за исплата на финасиска помош на лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог – Одлуката за исплата на финасиска помош на лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство и **Советот едногласно ја усвои .**

Бидејќи Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори тринаесеттата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**